Врз основа на чл.37 ст.1 ал.5 од Статутот на Карате федерација на Македонија, Извршниот одбор на седницата одржана на ден ______**.2019** година, го донесе следниот

**П Р А В И Л Н И К**

за изменување и дополнување на Правилникот за избор, финансирање и наградување на државните репрезентативни селекции на Република Македонија

Член 1

Се менува и дополнува Правилникот за избор,финансирање и наградување на државните репрезентативни селекции на Република Македонија **(прочистен текст)** донесен од страна на Извршниот одбор на КФМ на ден 19.05.2018 година и тоа:

1.Членот 8,9,10 и 11 се менуваат и истите ќе гласат:

„Член 8

Условот за избор на репрезентативци за настап на Олимписки игри го утврдува за секој олимписки циклус Меѓународниот олимписки комитет.

Стекнување на статус на репрезентативец во сениорска категорија,а за учество на Европско првенство се резултатите постигнати на државното првенство,балканското и критериумските натпревари(меѓународни натпревари од серија А).

Стекнување на статус на репрезентативец во сениорска категорија,а за учество на Светско првенство се резултатите постигнати на државното првенство,балканското европското,како и критериумските натпревари(меѓународни натпревари од серија А).

Критериумските натпревари се определуваат секоја година со посебна одлука на Извршниот одбор на КФМ.

Тренерот-селектор на соодветната сениорска репрезентација предлага список на кандидати за репрезентативци за Европско и Светско првенство, врз основа на резултатите постигнати во континуитет,бројот на освоени медали,бројот на добиени борби, квалитетот на подготовките и сл. и дава на Извршниот одбор образложено мислење за секој кандидат.

Извршниот одбор врз основа на самостојниот предлог на тренерот-селектор донесува конечна одлука за составот на репрезентацијата за Европско и Светско првенство.

Член 9

Условите за стекнување на статус на Европското првенство за категоријата кадети,јуниори и јуниори до 21 година, се резултатите постигнати на државното и балканското првенство.

Тренерот- селектор предлага самостојно список на кандидати за репрезентативци за Европско првенство, а Извршниот одбор донесува конечна одлука за составот на соодветната репрезентација.

Условите за стекнување на статус на Светското првенство за категоријата кадети,јуниори и јуниори до 21 година, се резултатите постигнати на изборниот турнир и критериумскиот натпревар.

Изборниот одбор и критериумскиот натпревар се определуваат секоја година со одлука на Извршниот одбор на КФМ.